**Слаѓана ЈОВАНОВСКА-РУНЧЕВСКА**[1] **УДК: 368.03:347.426.4/.6**

# ПРАВНА РЕГУЛАТИВА И ПРАВНА ПРАКТИКА ЗА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕД ОСИГУРИТЕЛНИТЕ КОМПАНИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Штетата како поим означува намалување на нечиј имот, што всушност претставува обична штета (латински *damnum emergens*) или пак спречување на зголемување на нечиј имот, што претставува испуштена корист (латински *lucrum cessans*) од една страна и нанесување на повреда на личните права на некое лице (нематеријална штета) од друга страна. Нематеријалната штета е штета причинета на некое лице во однос на личните и неимотни добра на човекот, како што се: животот, здравјето, физичкиот и психичкиот интегритет, слободата, честа, угледот и друго. Оваа штета се манифестира како физичка или психичка болка на оштетениот, страв, патење и слично. Нематеријалната штета се разликува од материјалната штета, бидејќи не претставува губење или намалување на имотот, па токму поради тоа и во некои правни системи не се именува како штета. Износот кој се досудува во суштина не претставува надомест на штета без оглед на тоа што се именува како надомест на штета, од причина што човековите атрибути кои се повредуваат немаат своја вредност. Предизвикана штета во определени случаи се надоместува од страна на осигурителните компании на оштетеното лице. Тоа е најчесто во случај кога лицето кое ја предизвикува штетата, односно штетникот е осигуран од штета во некој од осигурителните компании. Постапката за надомест на штета пред осигурителните компании се регулира со посебен закон, а тоа е Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, но освен овој закон во овој дел се применуваат и одредбите од Законот за облигациони односи и одредбите од Законот за супервизија.

**Клучни зборови:** *лични права, одговорност, сатисфакција, осигурување*

[1] Студент на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Македонија

**Slagjana JOVANOVSKA-RUNCHEVSKA**

# LEGAL REGULATIONS AND LEGAL PRACTICE FOR COMPENSATION OF THE IMMATERIAL DAMAGE BEFORE INSURANCE COMPANIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** Damage as a term indicates a decrease of someone property, which is a ordinary damage (a Latin: damnum emergens) or preventing the increase of someone property, which is a lost benefit (a Latin: lucrum cessans) on one side, and applying a violation of personal rights of an individual (immaterial damage) on the other side. Immaterial damage is damage caused to any person in relation to personal and no property goods of man, such as: life, health, physical and psychological integrity, freedom, honor, reputation ect. This damage is manifested as a physical or mental pain to the injured party, fear, suffering and similar. Immaterial damage is different from the material damage because does not constitute a loss or reduction of the property, thus, in some legal systems are not named as damage. The amount that is awarded, essentially does not constitute a compensation of damage regardless of what is called as compensation, because the human attributes that is hurt do not have its value. Caused damage in certain cases is compensated by the Insurance companies of the injured party. It is commonly the case where the person who causes the damage or the pest is mandatory insured against damage in any of the insurance companies. Proceedings for damages before the insurance companies are regulated by a special law, and it is the Law for mandatory insurance in the traffic, but also this law in this section shall apply the provisions of the Law on Obligations and the Law on Supervision.

**Keywords***: personal rights, responsibility, satisfaction; insurance*

## Вовед

Секој од нас може да се најде во ситуација да му нанесе штета на некој друг, со намера или ненамерно, или пак штетата да ни биде нанесена нам. Секоја дејност на човекот може да има како последица и настанување на одредена штета.

Лицето кое ќе претрпи штета има право на обесштетување. Во зависност од видот на штетата, не секогаш може да се постигне целосно и праведно обесштетување, но на оштетениот може да му се пружи барем некоја делумна сатисфакција за претрпената штета. Обесштетувањето во зависност од видот на штетата може да биде различно, со паричен надоместок и/или со разни видови на морални и други видови на сатисфакции.

Во теоријата на правото и во закодоваството се прави разлики помеѓу повеќе видови штета. Најзначајна е разликата помеѓу материјалната и

нематеријалната штета. Оваа разлика се прави врз основа на видот на правото кое е оштетено, односно во чиј поглед дошло до настанување на штетата. Материјална штета е онаа која настанала врз имотните добра кои ги поседува човекот и може да се манифестира преку одземање, уништување или влошување на состојбата на едно имотно добро, потоа во вид на испуштена корист, односно спречување на оштетениот да стекне одредено имотно право.

Нематеријалната штета е штета причинета на лични и неимотни добра на човекот, како што се: живот, здравје, физички и психички интегритет, слобода, чест, углед и друго. Таа се манифестира како физичка или психичка болка на оштетениот, страв, патење и слично, односно како повреда на личните права на човекот.

Во современиот свет најголем број од сите постапки пред судовите се однесуваат на утврдување на видот и висината на штетата, како и резултатот од соодветното обесштетување. Во развиените земји постапките за надоместок на штета и износите за обесштетување, како и причините поради кои се бара обесштетување, често се на работ на апсурд. Заштитата од настанување и последици од штета и остварување на надоместок и наплата на истиот, станиваат еден од најпрофитабилните бизниси.

Постојат голем број економски активности (фирми за обезбедување, фирми за застапување во постапката на остварување и наплата на штета) кои остваруваат огромни профити, а сите во својата работи се поврзани за штетата и надоместокот за неа. Со острото санкционирање на сите субјекти кои нанесуваат штета се постигнува јакнење на свеста и одговорноста, спрема сите видови и интереси на другите субјекти, а со тоа и зголемување на нивото на општа и поединечна сигурност. Од овие причини, општествено оправдано и корисно е секој субјект кој ќе направи штета да биде обврзан да даде надоместок во целост и со тоа да се дејствува превентивно, колку што е тоа можно, за да се предупреди да не настануваат штети во иднина, поради неодговорни постапки на одредени лица.

## 1. Поим на нематеријална штета во македонското законодавство

Постојат одредени тешкотии во одредување на поимот нематеријална штета, врз основа на објективен и финансиски начин, бидејќи не постои пазар за повреда на интереси и лични права. На пример, здравјето нема пазарна цена, сè додека тоа не е нарушено, на луѓето не им се припишува финансиска вредност. Во различни правни системи, се согледуваат значителните разлики во оштетеното право, а посебно во поглед на нематеријална штета. За да дојде до настанување на каква било штета потребно е да бидат исполнети трите општи услови, а тоа се: штетно

дејствие, штета и причинска врска. За да дојде до одговорност за надомест на штета, неопходно е да постои причинска врска помеѓу штетното дејствие и штетата (Salma, 2007, стр. 525).

Штетата претставува последица на штетното дејствие што го погодува имотот или личноста на оштетениот. Оттука оштетениот има овластување да бара да му се надомести штетата која е предизвикана, а обврска на штетникот е да го стори тоа. Разликуваме материјална и нематеријална штета, имајќи го предвид правното добро врз коешто се одразува последицата на штетното дејствие на штетникот (Radišić, 2008, стр.198), односно дали се повредени имотните права и заштитените имотни интереси или пак станува збор за повреда на личните права на оштетениот. Во овој дел се задржуваме на нематеријалната штета којашто претставува повреда на личните права на оштетениот, како што се физичка болка, нагрденост, намалување на животна активност, претрпен страв и сл. Надоместувањето на штетата којашто е предизвикана, всушност подразбира отстранување на штетните последици од оштетениот. Обврската за надомест на штета настанува во оној момент кога се предизвикува настанување на штетата. Во зависност од видот на штетата или од карактерот на доброто коешто е повредено, исто така се и разликува и надоместување на материјална штета и надоместување на нематеријална штета. Во нашава држава е прифатен таканаречен концепт на отворена листа на личните права, па во таа насока Законот за облигациони односи оределува дека секој има право да бара од судот или друг надлежен орган да нареди престанување на дејствие со коешто се повредува неговото лично право, како и да нареди отстранување на последиците кои настанале со ова дејствие (Законот за облигациони односи, член 144). Од оваа определба можеме да забележиме дека законот го прифатил ставот дека повредата на личните права не треба да биде на пониско скалило од повредата на имотните права. Од одредбите коишто ги определува Законот за облигалциони односи можеме да констатираме дека не се прави разлика помеѓу личните права на правните и на физичките лица, со оглед на тоа што правните лица ги немаат оние лични права кои се карактеристични на биолошката суштина на физичкото лице. Во член 9-А од Законот за облигациони односи се определува дека секое физичко и правно лице има право да бара заштита, како на неговите имотни права така и на личните права. Во оваа насока определуваме дека лични права во смисла на Законот за облигациони односи се сметаат: правото на живот, чест и углед, телесно и душевно здравје, достоинство, слобода, лично име, интелектуално творештво, приватност на личниот и семејниот живот и други лични права. Правните лица ги имаат следниве лични права: правото на добар глас и углед, деловна тајна, назив односно фирма, слобода на претприемништво и други лични права.

**2. Правна регулатива на критериумите за надомест на нематеријална штета во Република Македонија**

Од една земја во друга постојат големи разлики во вреднувањето на околностите и висината на штетата. Тоа резултира со фактот дека постои голем квантитативен и квалитативен распон во висина на штетата во слични ситуации во различни правни системи. Во некои земји надоместокот за таква штета спаѓа во редот на општи принципи, додека во други исплата на штета е дозволена само во специфични ситуации, на пример потребен е одреден степен на одговорност.

Во денешно време доминантна цел во признавање на нематеријалната штета е остварувањето на надоместок. Во поголем број правни системи, казнена компонента воопшто не постои. Тоа е само логична последица, ако сеземе предвид фактот дека оштетата во најголем број случаи ја исплаќаат осигурителните друштва, а не странката која ја предизвикала штетата.

Нематеријалната штета се надоместува нематеријално-морална сатисфакција и материјално-материјална сатифакција, во случаи определени со закон.

Во поглед на нематеријалното надоместување на штетата член 188 од Законот за облигациони односи определува дека во случај на повреда личните права секој оштетен може да бара, а судот да нареди на трошок на штетникот да се објави пресудата односно исправката, да се повлече изјавата со која е создадена повредата или да се стори нешто друго со кое може да се оствари целта која се постигнува со справедлив паричен надоместок.

Освен нематеријално надоместување на нематеријалната штета, Законот за облигациони односи во член 189/1 содржи одредби за материјално надоместување, имено во случај на повреда на личните права доколку судот најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, тогаш ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство. Во правната теорија, но и во практиката се присутни многу сомнежи во однос на материјалното надоместување на нематеријалната штета. Постојат случаи кога нематеријалната штета не може да биде надоместена на нематеријален начин, во однос на ова наведуваме дека понекогаш кога душевните болки и страв се интензивни и долги толку многу што е оправдано на оштетениот да му се досуди парична сатисфакција, односно справедлив паричен надомест.

Се смета дека со досудениот паричен надомест којшто ќе го добие оштетениот ќе може да си пружи некоја радост во животот, па со тоа кај оштетениот ќе се воспостави одредена психичка и емоционална рамнотежа и ќе се ублажи душевниот немир. Оттука, се смета дека резултат на

морализацијата на правото претставува справедливиот паричен надомест.

При досудувањето на тој паричен надомест не смее во никој случај да резултира вулгарна комерцијализација на човековата личност. Законот за облигациони односи во член 189/2 определува дека при одлучувањето за барањето за справедлив паричен надомест за физички лица судот треба да води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, а исто така треба да води сметка и за целта за која служи тој надомест и истиот да не биде во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествена цел.

Во однос на правните лица, Законот за облигациони односи во член 189/3 определува дека во случај на повреда на правото на углед и другите лични права на правните лица доколку судот наиде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, тогаш ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.

Обврската за исплата на спроведливиот паричен надомест за нематеријална штета согласно со Законот за облигациони односи (член 192-а) пристигнува со денот кога е донесена првостепената пресуда со којашто се определува висината на надоместокот. Во однос на висината на спроведливиот паричен надомест потребно е судот при одлучувањето за истото да го земе предвид времето кое изминало од настанувањето на штетата до денот на донесување на одлуката, доколку должината на чекањето на сатисфакцијата и сите други околности го оправдуваат тоа.

Во однос на наследувањето или отстапување на правото Законот за облигациони односи во член 193/1 определува дека побарувањето на надомест на нематеријална штета ќе премине врз наследник само во случај ако тоа е признаено со правосилна одлука или со писмена спогодба. Имено, вториот став од овој член определува дека под истите услови побарувањето на надомест на нематеријална штета може да биде предмет на отстапување, прибивање и принудно извршување. Ова е определено, бидејќи правото на надомест на справедлив паричен надомест е лично право и целта е со него да се служи само оштетениот.

Нематеријална штета може да настане во случај на телесна повреда или оштетување на здравјето. Справедлив паричен надоместок за нематеријална штета судот може да им досуди на членовите на потесното семејство (брачен другар, деца и родители) во случај на смрт или тежок инвалидитет на некое лице. Ваков надоместок може да им се досуди и на браќата и сестрите, дедовците и бабите, вонбрачниот другар и внуците, доколку меѓу нив и умреното лице, односно повреденото лице постоела потрајна животна заедница. Во случај на загуба на зачнато, а сѐ уште неродено дете родителите на истото имаат право на справедлив паричен надомест на нематеријална штета.

Нематеријална штета може да се појави и поради повреда на честа на одредено лице. За да постои нематеријална штета не е доволно повреда на одреден човеков добродетел, туку е потребно и оштетениот тоа да го доживува како одредена физичка или психичка болка или да го манифестира во вид на страв од поголем интензитет.

Покрај нематеријална штета со повреда на човековите добродетели може да дојде и до материјална штета (на пример: поднесување на трошоци за лекување) и материјално надоместување на нематеријална штета во случај на претрпени физички и душевни болки.

Согласно со член 192 од Законот за облигациони односи, на барање на оштетениот судот може да досуди справедлив паричен надомест и за идна нематеријална штета, доколку според редовниот тек е извесно дека штетата ќе трае и во иднина. Согласно со законските одредби (Законот за облигациони односи, член 191) лицето спрема кое со измама со принуда или со злоупотреба на некој однос на потчинетост или зависност било извршено некое кривично дело против половата слобода и половиот морал има право на справедлив паричен надомест за нематеријална штета.

Имајќи предвид дека одредбите кои се однесуваат на поделена одговорност и намалување на надоместот коишто важат за материјалната штета се применуваат и врз нематеријалната штета, наведуваме дека судот може да го осуди одговорното лице да исплати помал надомест отколку што изнесува штетата, доколку таа не била причинета со намера или со крајно невнимание, а одговорното лице е во слаба имотна состојба, па затоа исплатата на целосниот надомест би го довела во скудност. При донесувањето на оваа одлука судот треба да води сметка за материјалната состојба на оштетениот. Доколку штетникот причинил штета работејќи нешто за корист на оштетениот, тогаш судот може да определи помал надомест имајќи ја предвид грижливоста што штетникот ја покажува во сопствените работи. Во однос на поделената одговорност Законот за облигациони односи во член 181 определува дека оштетениот кој дал придонес штетата да настане или да биде уште поголема отколку што би била инаку, тогаш има право само на сразмерно намален надомест за нематеријална штета. Во случај кога судот не може да утврди кој дел од штетата призлегува од дејствието на оштетениот тогаш тој ќе досуди надомест, имајќи ги предвид околностите на случајот.

## 3. Постапка за надомест на нематеријална штета пред осигурителните компании во Република Македонија

Осигурувањето претставува однос кој настанува врз основа на договор или закон, каде што осигурителот од една страна ја презема обврската дека на осигуреникот или на некое трето лице во чијашто корист

се склучува осигурувањето од друга страна ќе му ја надомести штетата, во случај да настапи некој предвиден и осигуран настан, но сето тоа под услов да се уплатува премија од страна на осигуреникот во определен временски период.[2] Со сè почестото настанување на сообрајќајни незгоди доаѓа до настанување на штета, како материјална, така и нематеријална штета. Фактички штетник не секогаш се поклопува со лицето кое е правниот штетник, односно во случај кога имателот на моторното возило го има осигурано возилото од штета во сообраќајна незгода, тогаш оној којшто има обврска да ја надомести штетата е осигурителното друштво каде што е осигурано возилото.

Постапката за надомест на штета пред осигурителните компании е регулирана со посебен закон, а тоа е Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (Сл. весник на Р.Македонија бр. 88/05). Освен овој закон во овој дел се применуваат и одредбите од Законот за облигациони односи и одредбите од Законот за супервизија. Учесници во ова постапка за надомест на нематеријална штета се следниве лица: одговорно друштво за осигурување, корисник на осигурување и оштетено лице. Одговорното друштво за осигурување е друштвото каде што сопственикот на превозното средство со кое била причинета незгодата има склучено договор за задолжително осигурување, додека пак корисник на осигурување е лицето коешто има право на надомест од задолжителното осигурување во сообраќајот. Лицето коешто претрпело штета од превозното средство е, всушност, оштетеното лице.

Постапката за надомест на штета се започнува со тоа што оштетеното лице треба да поднесе барање за надомест на штета директно до одговорното друштво за осигурување. Ова барање е предуслов којшто треба да биде исполнет за да може оштетеното лице да поведе судска постапка. Одговорното друштво за осигурување откако ќе го добие барањето за надомест на штета, истото го испитува од аспект на тоа дали постои незгода и штета како последица од незгодата, а исто така и од аспект од висината на штетата. Во оваа постапка не може да се истакнуваат приговори од страна на одговорното друштво за осигурување спрема оштетеното лице. Имено, одговорното друштво за осигурување може да истакнува приговори спрема осигуреното лице за непридржување кон законот или кон договорот за осигурување. Во случај кога оштетеното лице нема да биде задоволно од одлуката на одговорното осигурително друштво или од висината на понудениот надомест на штета тогаш тој има право да покрене постапка за посредување во согласност со прописите за истата. Ваквото посредување треба да биде предвидено во договорот за

2) Петрова, Ц. (2014). *Надомест на штета пред друштва за осигурување*. Правдико. Прочитано на 10.3.2016 година. Извор: http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-shteta-pred-drushtva-za-osiguruvane/;

осигурување од автомобилска одговорност, односно друштвото е должно да го предвиди посредувањето во случај кога оштетеното лице нема да биде задоволно од висината на штетата што му се нуди.

Во однос на постапката за надомест на штета кај осигурувањето на патници во јавен превоз и последици на несреќен случај постои ограничување на висината на обврската на одговорното друштво за осигурување. Во контекст на ова, доколку патникот или корисникот на осигурувањето претрпел поголема штета од износот на надоместокот којшто бил исплатен во однос на ова осигурување, тогаш истиот ќе има право на надомест на штетата од лицето коешто ја предизвикало, но само за остатокот до висината на претрпената штета.[3]

Во продолжение наведуваме пример:

*„Лице имало осигурување од автомобилска одговорност и осигурување на патници во јавниот превоз, но кога се нашол во ситуација да побара од осигурителното друштвото да ги покрие трошоците за штета при повреда во градски превоз, тие сакале да избегнат. Лицето се обратило до Агенцијата и со нивно укажување друштвото одобрило соодветно обесштетување. За надомест на штета врз основа повреда на патници во јавен превоз сумите биле помали, но дека имал право разликата до реално претрпената нематеријална штета да ја надомести од полисата за осигурување од автомобилска одговорност, каде што сумите на осигурување се значително повисоки.“*[4]

Претставниците од повеќе осугурителни компании, во својсвто на оштетени си ги побаруваат парите кои што истите ги исплатиле за надомест на штети предизвикани со сообраќајќи. Пример за ова е акцијата и судскиот процес „Бришач 1“:

*„Во оваа акција биле уапсени 56 лица, кои согласно со обвинителството местеле стари и оштетени автомобили на пат, во положба како да се случил некој удар. Потоа тие лица повикувале полиција, односно пријавувале сообраќајна незгода. Откако полициските екипи составувале записник, истиот го праќале во осигурителните компании и обвинетите лица поднесувале барања за надомест на штета од каско осигурување на возилата или осигурување од автоодговорност, со што истите барале надомест како на материјални, така и на нематеријални штети“.*[5]

Согласно со Законот за задолжително осигурување во сообрајќајот

3) Правдико. Постапка за надомест на штета пред осигурителните компании. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор:http://www.pravdiko.mk/postapkata-za-nadomest-na-shteta-pred-osiguritelnite-kompanii/

4) Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://mkd-news.com/vnimavajte-osiguretelnite-kompanii-mozhe-da-se-obidat-da-ne-vi-platat-eve-shto-da-pravite/

5) П. (2012). *Судење „Бришач“*. Академик. Прочитано на 10.3.2016; Извор:http://www.akademik.mk/sudene-brishach-pred-sudot-ke-zboruvaat-pretstavnitsi-od-oshtetenite-osiguritelni-kompanii-5/;

од правото на надомест на штета се исклучени:

- лицата кое управувале со моторното возилото со чија употреба била предизвикана незгодата;
- сопственикот, сосопственикот, договорувачот на осигурувањето и секој друг корисник на возилото кој во моментот на настанување на незгодата не управувал со моторното возило со чијашто употреба е предизвикана незгодата, но само за износот на штета поради уништување или оштетување на предмети;
- лицето кое на нелегален начин присвоило моторно возило, како и соучесникот во нелегално присвојување на моторно возило, со чија употреба е предизвикана незгодата, без разлика дали истото управувало со моторното возило во моментот на настанување на незгодата;
- лицата кои штетата ја претрпеле како резултат на: употреба на моторно возило во спортски приредби за кои е добиена официјална согласност и на кои е потребно да се постигне максимална брзина и употреба на моторното возило во терористички акт или воени операции дефинирани согласно со Кривичниот закон.[6]

Во случај кога треба да се надомести штета која била предизвикана од страна на неосигурано возило, тогаш оштетеното лице треба да поднесе барање за надомест на штета до неговото друштво за осигурување. Кога, пак, штетата ќе биде предизвикана од непознато возило, тогаш оштетеното лице треба да поднесе барање за надомест на штета во едно од друштвата за осигурување кои имаат лиценца за осигурување од автомобилска одговорност. Во овие случаи Друштвото за осигурување оваа пријава или барање за надомест на штета ја поднесува до Гарантниот фонд на Националното биро за осигурување, од каде што треба да се рефундира исплатениот надомест за штета.

Кога во сообраќајната незгода учествува и возило со странска регистрација или кога истото е одговорно за незгодата, тогаш пријавата на штета треба да се поднесе до Националното биро за осигурување или директно до друштвата кои се членки на Бирото. Потребно е да се поседува меѓународна зелена карта која ја издава Националното биро за осигурување кога со моторното возило се патува во странство, имено истото е потребно како доказ дека постои осигурување од автоодговорност и со неа имателот се заштитува од евентуални материјални или нематеријални штети кои можат да бидат предизвикани на трети лица во сообраќајна незгода при престој во некоја друга земја, но потребно е тоа да е земја членка на

6) Правдико. Надомест на штета во случај на сообраќајна незгода. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-shteta-vo-sluchaj-na-soobrak-ajna-nezgoda/;

системот на зелената карта.[7]

**Заклучок**

Забележавме дека настанувањето на нематеријалната штета ги погодува личните права на физичките или на правните лица. Секоја штета, било материјална или нематеријална, треба да биде надоместена од страна на одговорното лице или штетникот. Во овој труд ги разгледавме законските одредби кои се однесуваат на надоместокот за нематеријална штета.

Констатиравме дека постојат два начини на надоместување на нематеријалната штета во македонското законодавство, а тоа се: материјална сатисфакција и морална сатисфакција. Секој правен систем содржи критериуми, според кои треба да се раководи еден судија, при определување на висината на надоместокот на нематеријална штета.

Висината на надомест на нематеријална штета, поради природата на остваруваното право, се определува од страна на судовите. Судијата е тој што ја одредува висината на надоместот, а тоа е негово дискреционо право.

Начинот на уреденост на утврдување на нематеријалната штета во нашето право води кон неусогласена судска практика во поглед за висината на износот за надомест на штета. Во Законот за облигациони односи се наведуваат случаите само кога се надоместува нематеријалната штета, но нема одредби во поглед на утврдувањето на истата, па од таа причина висината на нематеријалната штета во повеќе случаи е различна. Во Република Македонија некои од износите кои се досудуваат за нематеријална штета значително се разликуваат едни од други, односно постои неусогласеност во начинот на утврдување на нематеријалната штета.

Забележавме дека постапката за надомест на нематеријална штета пред осигурителните компании е едноставна и разбирлива за физичките и за правните лица и ги констатиравме потребните чекори кои треба да се преземат од страна на оштетеното лице, со цел да му се исплати износот на нематеријалната штета од страна на друштвото за осигурување.

**Користена литература**

Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2009). *Облигационо право*. Центар за европско применето право и економија – Скопје

Закон за облигационите односи, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.18/2001

Здравев, К. (2006). *Надомест на нематеријална штета*. Врховен

[7] Правдико. Надомест на штета во случај на сообраќајна незгода. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-shteta-vo-sluchaj-na-soobrak-ajna-nezgoda/;

суд на Република Македонија. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.vsrm.mk/Izlaganja.aspx?izlaganje=4

Klaric, P. *Odstetno pravo*. Narodne novine.

Национално осигурително биро. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.nibm.com.mk/NBO.nsf/allLang/F1C6CDF366C2F3EBC1257968003997E5

Н.С. (2014). *Надомест на нематеријална штета*. Правдико. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-nematerijalna-shteta/

П. (2012). *Судење „Бришач“*. Академик. Прочитано на 10.3.2016; Извор:http://www.akademik.mk/sudene-brishach-pred-sudot-ke-zboruvaat-pretstavnitsi-od-oshtetenite-osiguritelni-kompanii-5/

Петрова, Ц. (2014). *Надомест на штета пред друштва за осигурување*. Правдико. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-shteta-pred-drushtva-za-osiguruvane/

Perovic, S. *Komentar Zakona o obligacionim odnosima*. Savremena administracija.

Правдико. *Постапка за надомест на штета пред осигурителните компании*. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.pravdiko.mk/postapkata-za-nadomest-na-shteta-pred-osiguritelnite-kompanii/

Правдико. *Надомест на штета во случај на сообраќајна незгода*. Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-shteta-vo-sluchaj-na-soobrak-ajna-nezgoda/;

Прочитано на 10.3.2016 година; Извор: http://mkd-news.com/vnimavajte-osiguretelnite-kompanii-mozhe-da-se-obidat-da-ne-vi-platat-eve-shto-da-pravite/

Radišić, J. (2008). *Obligaciono pravo - opšti deo*. Nomos- Beograd

Salma, J. (2007). *Obligaciono pravo- sesto izdanje*. Univerzitet u Novom Sadu, Pravni Fakultet u Novom Sadu